

ВИКТОРИЈА ЦИМРЕВСКА

# ТРАГИ

Ништо чудно, ништо необично и неочекувано, еден веќе пројавен и забележан творечки персоналитет во областа на графичкиот израз, да не може да го сокрие ниту пренебрегне предизвикот да се опроба и во друг медиум каков што е во случајот сликарството, да ги изнесе најдлабоките, најинтимни инвентивни пориви, заситени, акумулирани доживувања кои не можат ниту да се скротат ниту да стивнат се додека не ја задоволат креативната глад и не го заситат креативниот немир.

Она што е доминантно и на што се инсистира е да се следи внатрешниот диктат, емоциите, моменттните чувства и расположби да се единствените покренувачи на нужноста за исказ, а котите на распознавање да дефинираат чист сликарски израз. Притоа, една од мошне важните намери е се да делува високо професионално, знаечки и вешто, прецизно и обмислено, избалансирано и одмерено, а артефициелноста да ја потполни и подзасили реализацијата на идејата. Некогаш таа се остварува во една стегната, згусната, напати набрекнато исполнета, заситена, дури задушена форма, но најчесто со опуштена леснотија, ефектно отстапувајќи доволен терен за празниот простор. Во двете настојувања суверено владее раката на авторката која малку препушта на случајот. Сепак, таквиот аспект не е целосно отфрлен, занемарен и игнириран, иако, дури и во почетната фаза на создавањето не е препуштен на апсолутна ослободеност, туку присутната нерватура на потегот, енергичноста на гестот се здржани во одмерена контролираност. Спонтаноста е притулена во сферична и придушена наклонетост кон неочекувани решенија, така што првичната ослободувачка пропустливост на раздвичувачките енергии, на импулсивниот треперлив нерв, кој формира линеарни експресивни гребаници, веќе во наредната етапа се скротува во построга, избалансирана и промислена филтрираност. Понатаму, во градењето на ликовната форма вокабуларот останува доследен на определбата во средиштето на уметничкото интересирање да се воспостави принципот на елиминација на секакви најнепосредни поврзувања со објективната стварност. Тежиштето е во преобликувањето на комуникациската читливост, а пораката треба да се одгатнува во контекстот на таинствената знаковна присутност која рамноправно учествува во градењето на структурата на делото. Творбите претставуваат едноставни композициски состави со атхезивни ликовни елементи аплицирани врз апстрактна дводимензионална, тонски моделирана површина од позадината, остварувајќи извесна просторна длабочина со загасит, придушен, грижливо одбран боен слој. Иако во некои од творбите е очигледен, извесниот прецизно детерминиран,строг геометризиран карактер е ублажен, а во некои дури подоминантен е нивниот прилично поетизиран и лирски интониран призвук.

Најновите сликарски остварувања на В.Цимревска во мал формат според својата естетска припадност се блиски на нејзините графички листови, но со исчекор кон поразработена, позрела, разнежнета и омекната слоевита сликарска поетика, со јасни и доследно реализирани ликовни замисли интегрирани во средиштето на изразната постапка.

**Гоце Божурски**



BLUE
26x26
масло на платно



YELLOW
27x30
масло на платно



КАПКИ
24x30
масло на платно



ДОПИР
10x10
масло на платно



***Џимревска Викторија***

***Ацо Борозански 3***
***1300 Куманово***
***Тел. ++389 31 418 168***
***e-mail:viki_dzimre@yahoo.com***

Дипломирала и магистрирала на ФЛУ Скопје во класата на Проф.Костадин Танчев, отсек графика. Член на Длум од 1999 година.

***Самостојни изложби:***

-Графики, Куманово 2000
-Графики, Париз 2005

***Групни изложби:***

-Биенале на графика Сент Никлас, Белгија, 1998
-Ex Libris, Ријека 1998
-Октомвриски салон, Ковин, 1998
-Мала графика, Графички колектив, Белград, 1999
-Графичка мапа, ФЛУ Скопје, 1999
-Графичко биенале на сува игла, Ужице, 1999
-Биенале, Графика на мал формат, Лесковац, 1999
-СИАБ, 2000
-Студентско триенале, Истамбул, 2000
-Модерна македонска графика, Осијек 2004
-Ветер-море, од ликовната колонија Камен Брег во Бугарија, Германија, 2004
-Прво меѓународно биенале на минијатура, Никшиќ, СЦГ, 2005

Учесник на повеќе ликовни колонии во Македонија и надвор од Македонија

***Меѓународни награди:***

-Награда за мала графика, Лесковац 1999

***Републички награди:***

-Награда Мијачки зографи на 47 годишна изложба на ДЛУМ

*Изложбата е поддржана од Министерството за култура на Р.М.*

